**ПРОГРАМА**

**За работа на одделението за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина во делот на животната средина и ЛЕР на општина Пехчево за 2024 год.**

Во текот на 2024 год. Оделението за урбанизам при Општина Пехчево ги има планирано следните задачи и програми:

1. Следење на законските и подзаконските акти од областа на Данок на имот како (данок на имот, фирмарини, купопродажни договори, оставински решенија и данок на наследство и подарок.
2. Следење на законските и подзаконските акти од областа на урбанистичкото и просторното планирање и заштита на животната средина и Законот за градење.
3. Следење на состојбата во областа на урбанизамот на подрачјето на Општината покренување иницијативи и предлози за донесување или изменување на деталните урбанистички планови.
4. Прибирање и стручно обработување на барањата и иницијативите од физички и правни лица за измени на детални урбанистички планови.
5. Издавање на одобренија за градби.
6. Објавување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Пехчево.
7. Реализација на сите урбанистички планови и документација и издавање на целата потребна техничка документација.
8. Реализација на сите постапки околу имотно правните работи (како експропријација, узурпација и купопродажба на имоти во корис на општината)
9. Програма за изработка на урбанистички планови ДУП, ГУП, УП, УПС/УПВНМ, УП, на подрачјето на Општина Пехчево.
10. Изградба до изградба и реконструкција на улици на подрачјето на Општина Пехчево.
11. Реконструкција и рехабилитација на улици, пешачки патеки на подрачјето на Општина Пехчево.
12. Набавка и изградба на сигнализација на подрачјето на општина Пехчево.
13. Одржување и заштита на локални патишта и улица, зимско одржување и регулирање на режимот на сообраќај на подрачјето на Општина Пехчево.
14. Изградба , реконструкција и одржување јавно осветлување на подрачјето на Општина Пехчево.
15. Објавување на Програмата за работа во областа на располагање со градежнмо земјиште во сопственост на РМ на подрачјето на Општина Пехчево.
16. Објавување на годишната Програма за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Пехчево.
17. Расчистување и ставање во функција на постојниот отворен базент на улица ,,Првомајска,,
18. Следење на состојбите за уредување на јавното зеленило.
19. Озеленување и поставување на урбана опрема на не уредените слободни површини.
20. Доврршување и одржување на урбана опрема и зеленило на месноста ,, Езерце,, Пехчево
21. Одржување на водопадите во месноста ,,Равна Река,,
22. Изградба, реконструкција на првиот(спиковски) водопад на туристичката населба Равна Река.
23. Одржување на речните корита на подрачјето на Општина Пехчево.
24. И други работи што ќе му бидат ставени во надлежност во согласност со законите и другите прописи.

Извори на финансирање:

1. Министерство за животна средина и просторно планирање.
2. Министерство за Транспорт и Врски-Светска Банка.
3. Невладини организации (здруженија на граѓани)
4. Сопствено учество.
5. Јавно претпријатие за државни патишта

За реализација на Програмата ќе се грижи Градоначалникот на општината и административните работници со помош на надворешни соработници.

Програмата ќе се објави во Службен гласник на општината.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска

_____________________

Врз основа на член 84 и 85 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 52/2013), а во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр, 5/2002) и член 30 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Пехчево, (Сл. Гласник на ОП бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево, донесува:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2024 ГОДИНА**

Оваа Програма претставува континуитет на преземените активности за уредување на градежното земјиште од претходните години и се базира на досегашното искуство во спроведувањето на урбанистичките планови и потребите за планско уредување на градот. Според тоа, реализацијата на урбанистичките планиови исклучиво ке се одвива согласно оваа програма

Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2024 година е основ по која ќе се врши уредување на градежното земјиште и опфаќа:

1. Простор кој е предмет на уредување и обем на уредување;
2. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основна И секундарната инфраструктура,
3. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и негова распределба и пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
4. Определување на цена на градежно земјиште при решавање на имотно правни односи за потребите на градежното земјиште,
5. Динамика на извршување на Програмата;
6. Граници и зони во потесниот градежен реон во Пехчево.
7. Преодни и завршни одредби;

И покрај тоа што со оваа програма се дефинирани обврските за уредување на градежното земјиште., истата е отворена за измени и дополнувања и во неа можат да бидат вградени и евентуални други задачи доколку има потреба и се создадат услови и финансиски сретства за нивна ургентна реализација во текот на 2024 година.

Програмата е релативно обемна и сеопфатена со цел да се овозможи задоволувањето на потребите на градежната оператива, граѓаните и другите субјекти за изградба на куќи за становање, деловни и стопански објекти , станбени згради и друго што од своја страна треба да го спречи незаконитото градење кое перманентно преставува проблем во градот.

1. **ПОДРАЧЈА СО ПОБЛИСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО КОЕ ЌЕ СЕ УРЕДУВА ВО 2024 год.**

1.1 Уредување на градежното земјиште во 2024 година ќе се врши во градот Пехчево на подрачјето опфатено со Детален урбанистички план на градот;

Како градежно земјиште се смета изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Пехчево со населбите, како и подрачјето за станбени и друга изградба одредени со Генералниот и Деталниот урбанистички планови, и измените и дополнувањата за град Пехчево, како и населените места за кои има УДНМ, односно Урбанистички план за село или ГУП.

Уредувањето на градежното земјиште надвор од градежниот опфат на градот Пехчево или населените места ќе се врши со донесување на Одлука на Советот на општината и согласност од

надлежното Министерство, на основа на изработен Урбанистички Проект и урбанистички план вон населено место.
Програмата ќе биде отворена и во неа ќе бидат вградени и други локации за кои ќе има потреба од нивна ургентна реализација. Пресметувањето на надоместок за уредувањето ќе се врши согласно правилнико за уредување на градежно земјиште и реалните трошоци трошоци.

1.2 Уредувањето на градежното земјиште за изградба на објекти надвор од урбаниот опфат и во случаи кога уредувањетио не е предвидено со Програма, го врши инвеститорот на свој сопствен трошок.

## 2. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ

2,1 Градежното земјиште за локацијите од точка 1,1 на оваа програма ќе се уреди со комплетна комунална инфраструктура ( основна уреденост) на следниот начин;

- Изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- Изградба на водоводна мрежа м;
- Изградба на фекална канализација
- Изградба на електрична мрежа;
- Расчистување на имотно-правни односи
- Рушење на објекти
- Надоместок на експропријација на градежно земјиште
- Граници на зони во потесниот градежен реон
- Извори на средства за финансирање на активности околу уредување на градежно земјиште и изградба на комунална инфраструктура.

- **Опремување на градежното земјиште со инфраструктурни објекти**
- Изградба на улици и тротоари
- Изградба на улична водоводна мрежа во градот Пехчево и населените места, како и системи за водоснабдување во руралните подрачја,
- Изградба на улична фекална и атмосверска канализација мрежа во град Пехчево и населените места ,како и системи за одводнување и прочистување на отпадни води во населените места во општината.
- **Урбана опрема**
- **Одводнување и прочистување на отпадни води**
- **Јавна чистота**
- **Озеленување на јавни површини, одржување и користење на паркови и зеленило**
- **Изградбха и одржување на јавно осветлување**
- **Одржување на спомен обележја**

Со оваа Програма не се предвидува приклучување на електрична мрежа на објектите предвидени со урбанистичкиот план, како и приклучување на ПТТ мрежа,што значи дека финансирањето на приклучувањето на тие објекти на инсталации, односно нивната изградба ќе ја извршуваат претпријатија што управуваат со истите.
Степенот на уреденоста на градежното земјиште се определува според обемот на опременоста на земјиштето со објекти на комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок и понизок од основниот степен на уреденост и

ќе се реализира согласно со динамиката на прибирање на средства (сите средства прибрани за уредување на урбаниот блок во тековната година ќе бидат вложени за уредување) а додека целосното уредување ќе се реализира со прибирање на вкупните средства предвидени за комплетно уредување на урбаниот блок.

Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:непречен пристап до градежната парцела,(улици,неасфалтирана, со тротоар),пешачки патеки и други површини согласно урбанистики планови, подземна електрична мрежа,улично осветлување,водоводна мрежа,фекална канализација,атмосферска канализација.

Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите (наведени во основниот степен-асфалтирана улица) како и :ПТТ мрежа , паркинг простор и пречистителна станица за отпадни води.

Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа: непречен пристап до градежната парцела,сопствено водоснабдување,септичка јама,сопствен одвод на атмосферски води,нестандардно улично осветлување и надземна нестандардна електрична мрежа.

## 3 ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО ЗОНИ И РЕАЛНИТЕ ТРОШОЦИ ВО СЛЕДНИОТ ИЗНОС

3.1 За локации со основен степен на уреденост:

| | | |
|---|---|---|
| - геодетски работи ------------------------------------ | 20,00 | ден/м2 |
| - проектирање ------------------------------------------ | 30,00 | ден/м2 |
| - улица (пробиена)------------------------------------- | 350,00 | ден/м2 |
| - водовод------------------------------------------------ | 200,00 | ден/м2 |
| - канализација ----------------------------------------- | 200,00 | ден/м2 |
| ВКУПНО------------------------------- | **800,00** | **ден/м2** |

3.2 За локации за повисок степен на уреденост:

| | | |
|---|---|---|
| - геодетски работи ----------------------------------- | 20,00 | ден/м2 |
| - проектирање ---------------------------------------- | 30,00 | ден/м2 |
| - улица (асфалт) -------------------------------------- | 500,00 | ден/м2 |
| - водовод ---------------------------------------------- | 200,00 | ден/м2 |
| - канализација----------------------------------------- | 200,00 | ден/м2 |
| ВКУПНО------------------------ | **950,00** | **ден/2** |

3.3 Надоместокот за уредување на градежното земјиште за 2 ( втора) и за 3(трета) зона се намалува за 15%.

За доградби надгарби, изградба на помошни објекти (гаражи , шупи и други објекти) надоместокот се намалува за **50%** во однос на точка 3.1 и 3.2

3.4 За поткровје со висина до 2,5 метри се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште по **0.2** коефициент во одност на точка 3 (3,1 и 3,2)

3.5 За колективно становање ќе се наплаќа во однос на зоната на точките 3,1 и 3,2.

1. За деловен простор (продавници, гостилници,барови, хотели и слично) надоместокот изнесува **30.000.00 ден.**надоместокот се наплаќа **по коефициент од 0,05, односно 1500,00 ден/м2.**

2. За деловен простор Г – Г1,Г2,Г3,Г4 (занаетчиски работилници, индустриски хали, погони, стопански објекти, пилани, ) се наплаќа по **10.000,00 денари** по метар **квадратен по коефициент од 0.05, односно 500,00 ден/м2**

3. За деловен простор метар квадратен **по 7.000,00 ден** (магацини, гаражи за механизација настрешници и други во склоп на истите ) се наплаќа за **0.05** коефициент,односно **350,00** ден/м2 .

4. За отворени спортски објекти, надоместокот се наплаќа **0,3** по коефициент во однос на точка 3 (3.1 и 3,2) , односно **280,00** и **240,00** денари/м2.

- За затворени спортски објекти се наплаќа **0,5** по коефициент во однос на точка 3(3.1 и 3.2 ), односно **400,00** и **475,00** денари/м2,

5. За административни згради и канцеларии надоместокот ќе се наплаќа во однос на точка 3 (3.1 и3.2), односно **950,00** и **800,00** денари/м2.

6. Туристичка населба Равна Река за времено сместување ќе се пресметува по **12.000,00** ден.за викендици по коефициент од **0,05 или 600 ден по м2** за доградби надградби и помошни простории ке се пресметува 50% од временото сместување или 300 ден. по м2 и за времено сместување како хотели барови деловни простории и др. ќе се пресметува по **22.000,00ден.** по коефициент од **0,05, или 1100 ден по м2.**

**Образложение:До изградба на нов систем со пречистителна станица за отпадни води и изградба на водоводна мрежа ќе се пресметува надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии) по овие цени.**

**7.** За изградба на деловни простории од групата на Г, Г1,Г„,Г3 и Г4 ќе се ослободат сите од надоместок за уредување на градежно земјиште и тоа за вработени 10 работни места ќе се ослободи 10%, за вработени 20 работни места ќе се ослободи 20% за вработени 30 работни места ќе се ослободи 30% за вработени од 40 работни места па нагоре ќе се ослободи 50%, за истото ќе се склучи посебен договор со инвестбиторот за надоместокот а до колку инвеститорот не ги исполни бараните услови спорот ќе се решава пред надлежен суд Берово.

- Трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметува врз осанова на новата корисна површина што ќе се гради, кој е збир на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација,помножени со следните коефициенти:

**НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА КОРИСНАТА ПОВРШИНА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметува врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со следните коефициенти.

**1) Станбени објекти**

- станбени простории ----------------------------------.............. 1,0
- станбени простории со висина до 2,50м-----------.............. 0,2
- подлоѓија,затворена од две страни -----------------.............. 0,3
- лоѓија затворена од три страни ---------------------.............. 0,4
- балкони , терас -----------------------------------------.............. 0,2
-заедничкии проодни тераси,пасажи ................................. 0,2
-помошни простории,остава за гориво,котлара,визба.........0,3

-трафостаница до 35кв во објекти и надвор од објекти...... 0,3
-скалишен простор и заеднички комуникации ................. 0,3
-стражарници,управител,простории за одмор ....................0,5
-паркиралишта и гаражи .......................................................0,1

**2) Деловни, јавни и производни објекти**

- простории ----------------------------------------------------------- 1.0
- магацини, настрешница …….----------------------------------- 0.5
-помошни простории и остава остава за гориво,котлара.......0.3
- трафостаници до 35кв во објекти и надвор од објекти---- 0.4
-скалишен простор и заеднички комуникации ................... 0,5
-паркиралишта и гаражи........................................................ 0,1
-лоѓија,затворена од три страни.......................................... 0,5
-подлоѓијазатворена од две страни ..................................... 0,4
-балкони,тераси........................................................................ 0,3
-отворен наткриен простор.................................................. 0,3

**3) Други објекти**

- катна гаража-----------------------------------------------------------------------. 0,05
- спортски покриени објекти --------------------------------------------------. 0,5
- спортски откриени објекти ................................................................. 0,3
- гасни станици и базни станици за 50% од површина на локација........1,0
-отвопрени пазаришта за 30% од површина на локација ............ 1,0
-базени ............................................................................................. 0,2
-трафостаници . над 35кв............................................................... 1,0

**4) За објекти од групата на класи намени Г производсво,дистрибуција и сепвиси**

-Г1 тешка и загадувачка индустрија .............................................0,05
-Г2 лесна индустрија .......................................................................0,05
-Г3 сервиси ........................................................................... 0,05
-Г4 стоваришта ...................................................................... 0,05

**5) За бензинска пумпи станица и нејзини придружни содржини (продавници кафетарии и ресторани,авто сервиси,авто салони,помошни простории)**

- продажни простории и бензински пумпни станици .............. 1,0
-услужни простории на бензински пумпни станици .............. 1,0

**6) за објекти од групата класи на намена Б5 угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одмаралишта, и за други групи накласи на намена А4 хотел.мотел.времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом.**

**-** сите простории ........................................................ 0,05

**7) За детски градинки,пензионерски домови и домови за стари лица**

**-** сите простории ...................................................... 0,05

**8) За објекти за високо образование**

**-** сите простории .................................................... 0,5

**9) За објекти за културата:**

**-** сите простории .................................................. 0,01

10) За објекти за терцијална здравствена заштита :

- сите простории .........................................................0,05

**11) Во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се преметуваат површините на :**

- инсталациони канали
- окна на лифтови
- отворени паркиралишта

- окна на врати
- отворени паркиралишта
- подземни резервоари
- објекти заштитени како културно наследство

12. За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори(биогорива,биомаса,геотермална енергија и хидроенергија ) по коефициент 0,01.

Висината на трошоците на уредувањето на градежното земјиште на ова производство на електрична енергија , не може да биде повисока од 30% од висината на просечната плата во Република Северна Македонија во последната година , помножена со коефициентот утврден во став (1) од точка 12 од овој член : 8600,00ден/м2 *0,01= **86,00 ден/м2.**

13. За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија ( фотонапонски панели), надоместокот се пресметува 50% од површината на парцелата * коефициент 0,01.

Висината на трошоците од оваа категорија за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната плата во Република Северна Македонија за последната година помножена по коефициентот 0,01 , или :27500*20%=5500,00*0,01=**55,00 денари /м2.**

## 5. ГРАНИЦИ ЗА ЗОНИ ВО ПОТЕСНИОТ ГРАДЕЖЕН РЕОН НА ГРАД ПЕХЧЕВО

Во зависнот од степенот на уреденоста на градежното земјиште, во границите утврдени со Урбанистичкиот план и ГУП на Пехчево, му ги дава на корисникот (положбата на земјиштето,сообраќајната поврзаност со центарот, снабденоста со комуналните објекти инсталации, рационалност и други околности од значење за користење на тоа земјиште), градежниот реон на Пехчево се распоредува во три (3) зони и тоа **централно градско подрачје и вон централно градско подрачје и како зона на населени места.**

### ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

Започнува од КП.БР: 2310 на Веселински Д. Јован ги опфаќа северните граници на парцелите по регионалниот пат Берово – Делчево се до Бензинската пумпа на АД „ Макпетрол„ Скопје од северната страна на оградата,оди по патот на север Пехчево Делчево се до спојот на ул. „Јулија Веселинска„ од таму тргнува на север по стариот пат на Симин рид до спојот на ул. „ Македонија„ од таму оди на исток по истата до раскрсницата на ул. „ Илинденска„ и ул. „ Мирче Ацев„ тргнува на исток по истата се до раскрсницата на ул. „ Гоце Делчев„ и ул. „ Ванчо Китанов„ од таму тргнува на југ по улица „ Ванчо Китанов„ ја сече ул. „ 18 Август„ и оди на југ сече „АРМ„ спрема ДУП на Пехчево, од таму тргнува на југ се до спојот на „ Ванчо Китанов„ и „8 Март„на запад оди по јужната страна на оградата на турските гробишта до спојот на источната страна на дворната ограда (граница на АД „ Бомекс рефрактори„ Пехчево) и старата фабрика за подни плочки скршнува на запад по дворната ограда ги заобиколува двете фабрики и се спојува на патот со „Равна Река„ од таму на север по границата на опфатот на ГУП на Пехчево ја заобиколува западната страна односно дворната ограда на фабриката „Напредок Пехчево , западната страна на старата фабрика „ Стаклара„ западната дворна ограда на сопственикот Кратевски Димитар и продолжува на север до спојот на пехчевска река, од таму тргнува на север се спојува со регионалниот пат на Пехчево Делчево и се спојува со почетната точка бензинска пумпа од каде почна зоната.

## ВОН ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

Површината од градежниот реон што се наоѓа надвор од зоната на централното подрачје преставува вон централно градско подрачје

Површината определена со границите на градежниот реон во малото стопанство се приклучува во зоната како вонцентрално градско подрачје.

Површината надвор од градежниот реон на ДУП и ГУП се смета како зона населено место.

**Напомена; Проширувањето на ГУП во текот на 2024 година ќе влезе во зоната како Вонцентарлно градско подрачје**

## 6. Преодни и завршни одредби

6.1 Надоместокот за уредување на градежното земјиште на кое се руши стар објект и се гради нов објект инвеститорот ќе биде целосно ослободен од надоместок за уредување на градежно земјиште.

6.2 Надоместокот за уредување на градежното земјиште на градителите кои до влегување во сила на оваа Програма инвестирале во инфраструктурана мрежа за сопствени објекти ќе се намали за износот на сретствата со кои учествувал градителот за односната мрежа, врз основа на доставен финансовски документ од изведувачот на работите, односно проценетата вредност на извршените работи.

Во случај кога градежното земјиште не е уредено, односно делумно е уредено, градителот на објекторт плаќа надоместок до висина на релните трошоци за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

6.3 Надоместокот за уредување на градежно земјиште се плаќа за површина предвидена со заверен главен проект.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува врз основа на проект доставен од оделението за урбанизам до Оделението за комунални работи кој со градителот на објектот скључува договор за начинот на плаќање и уредување на меѓусебните права и обврски.

6.4 Плаќањето на надоместок за уредување на градежното земјиште може да се изврши одеднаш целата сума или на одложено на 12 месечни рати со 10% зголемен остатокот од комуналии и уплатена прва рата од 30% за добивање на Одобрението за градење.

6.5 За пренамена на станбена во деловен простор се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште во износ на разликата меѓу платениот надоместок за уредување на градежното земјиште за станбен простор и надоместок за деловен простор.

6.6 Во уредување на градежното земјиште учествува општината, како и субјектите кои стопанисуваат со објеките на инфраструктурата.

Трошоците за приклучок на инфраструктурните мрежи, како и таксите за приклучок ги сноси инвеститорот на објектот во договор со соодветниот носител на инфраструктурните мрежи.

6.7 Во оваа програма надоместокот е пресметан со вредност на еврото од 61 денар за евро. При секоја промена на курсот на денарот во однос на еврото ќе се применуваа износите на надоместоците и цените на градежното земјиште во денарска противвредност на еврото според курсот на Народна банка РМ .

6.8 Трошоците за дислокација на инфраструктурните мрежи во парцелата ( водовод, електричан мрежа,телефонска и други инсталации) паѓаат на товар на инвеститорот.

6.9 Трошоците за дислокација на потпорни зидови дворни огради помошни објекти изградени без одобрение а за потребите за реализација на Деталниот урбанистички план на Пехчево паѓаат на товар на сопственикот на градителот на објектите.

6.10 Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник,, на општина Пехчево.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска

________________

Врз основа на чл. 17, став 1, и член 17а став 1 од Законот за просторно урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 24/08 и бр. 91/09), и чл. 6, 7, 8, 9 од Правилникот за поблиска содржина и начинот за графичката обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на просторните урбанистички планови (Сл весник на Р.М. бр. 78/06) како и чл. 30 став 1 точка 5 и 6 од Статутот на општина Пехчево, Советот на општина Пехчево донесува:

**ПРОГРАМА**
**За изработка на планови за Општиона Пехчево за 2024 год**

## I. ГЕНЕРАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. Изработка на нов Генерален план за Пехчево – (Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Пехчево).

## II. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план на Пехчево.
2. Изработка на нов ДУП за Пехчево,
3. Изработка на урбанистички план за село за с. Панчарево
4. Урбанистички проекти за детално разработување на урбанистички план за село каде што не се формирани градежни парцели , а катастерските парцели ги задоволуваат условите за формирање на градежни парцели за селата : Чифлик, Умлена, Робово, Спиково, Негрево и Црник.
5. Изработка на ДУП за централно градско подрачје на Пехчево

## III. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

1. Локалитет Ченгино Кале (Караула).
2. Изработка на план вон населено место за филтер станицата или изработка на УП
3. Зимски спортско рекреативен центар Кадиица (Сигнал,Гуштерица,Буковик).
4. Програма за изработка на УП (Лимев Гроб, Грозил , Подуево, Елата и Гаѓалница)
5. Изработка на план вон населено место на ,,Керамидница,,.
6. Изработка на план вон населени места по потреба на инвеститори правни и физички лица.
7. Изработка на план вон населено место во месност Света Петка КО Чифлик
8. Изработка на планска документација по иницијатива на правни и физички лица со позитивно мислење на комисијата од урбанизам, вон населени места.

Финансирањето на урбанистичките планови го врши Општината Пехчево, од средства предвидени со Буџетот на општината, средствата предвидени во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на градот Пехчево, како и средствата од заинтересираните физички и правни лица и Министерството за транспорт и врски и од легализација на бесправни изградени објекти.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска

**ПРОГРАМА**
**за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Пехчево за 2024 година**

Во текот на 2024 година ЕЛС на Пехчево  има планирано да од буџетските сретсва на општина Пехчево и делот обезбеден преку финансирањето од Републичкиот Фонд за магистрални патишта – Скопје, изврши градежни и други работи на локалните патишта и улици во општина Пехчево во висина од **134.782.000,00** денари, како следи:

1. **Изградба на улици и реконструкција на локални патишта**

Реконструкција на постојниот пат с Чифлик-с Умлена- .............. 18.950.000.00 ден.
Реконструкција на постојниот пат с Умлена- с.Робово .............. 19.595.000,00 ден.
Изградба на тротоари во Пехчево .................................. 2.520.000,00 ден.
Изградба на улица  Александар Македонски....................................................3.500.000,00 ден.
Реконструкција на пат од регионален кон с Панчарево 8.300.000,00 ден
Изградба накрак на улици бр.5 во с Робово....................................................450.000,00 ден
Изградба на на дел од  улица бр.3 во с Робово..................................................2.203.000,00 ден.
Изградба на улица бр.3 со крак на ул.бр.3...................................................... 4.000.000,00 ден
Изградба на ул.бр.1 со крак на ул.бр.1во с.Чифлик 3.000.000,00 ден
Изградба на пешачка патека ул. „ Гоце Делчев„ Пехчево. ..............................1.200.000,00ден
Изградба на патот дел  Равна Река –Ченгино Кале................................... 2.800.000,00 ден.
Изградба на локален пат од Пехчево-филтер станица.....................................3.000.000,00 ден.
Зимско одржување на патишта и улици.........................................................,.. 500.000,00 ден.
Тековно одржување на патишта и улици ........................................................ 600.000,00 ден.
Изградба на локален пат до градска депонија ................................................ 2.000.000,00 ден.
Изградбана улица од реката до турски гробишта во Црник.......................... 3.060,000,00 ден.
Изградба на улица во Панчарево присоето.................................................... 1.200.000,00 ден.
Изградба на улица во Негрево Гошевска улица............................................ 504.000,00 ден.
Асфалтирање на улици во Пехчево 1,5км. ................................................. 9.000.000,00 ден.
Реконструкција на кеј пехчевска река......................................................... 10.000.000,00 ден
Реконструкција на мост на негревска река (црцанов мост )....................... 400.000,00 ден.
Изградба на улица Илинденска со крак улица Даме Груев и крак улица Мирче Ацев........
..................................................................................................................38.000.000,00 ден.

**ВКУПНО: ........................................................... 134.782.000,00**

**Извори на финансирање:**

1. Биро за недоволно развиени подрачје и странски даноци;
2. Фонд за магистрални и регионални патишта;
3. Министерство за животна Средина
4. Министерство за транспорт и врски-Светска банка
5. Сопствено учество;

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска

__________________

**ПРОГРАМА**
**За изградба, реконструкција и одржување на водоводи и канализациона мрежа, одржување и изградба на речни корита и уредување и изградба на вештачки системи во општина Пехчево за период 2024 год.**

**1. Водоводи**

Зафат и довод во с. Панчарево (трајанова маала)..................... 2.000.000,00 ден.
Реконструкција на мрежа с. Црник........................................... 2.000.000,00 ден.
Реконструкција на системот (жтако) во филтер станица. 10.000.000,00 ден.
Изградба на нов Резервоар од 700м3 после прекидната комора пред филтер станицата.
Изградба на водоводна мрежа од разделната шахта на „Симин Рид„ до малото стопанство „ Чуката„ и изградба на разводна водоводна мрежа во истата локациај (Чуката)..10.000.000,00
Изградба на водоводна мрежа од прекидна комора до пат Симин Рид и до мало стопанство кај Јовевски Благој...................................................................................3.000.000,00 денари
Реконструкција на зафатот на „ Виничка река„ во село Црник. 1.000.000,00 денари
Промена на водоводната мрежа во село Црник од захватот на Виничка река и Чатал Чешма до Резервоар. .......................1.500.000,00 денари
Модернизација на филтер станица во Пехчево. .............1.300.000,00 денари

**Вкупно................................................................................ 30.800.000,00 ден.**

**2. Канализација**

1.1 Робово пречистителна станица ....................................... 4.000.000,00 ден.
1.2 Умлена пречистителна станица......................................... 3.500.000,00 ден.
1.3 Доизградба на пречистителна станица во Црник ............ 1.500.000,00 ден.
1,4 Спојување на пречистителната станица во малото стопанство на „Чуката „ со колекторот на пехчевска река . .......1.200.000,00 ден.

**Вкупно...................................................................... ...... 10.200.000,00**

**2.1 Изградба на фонтана на Плоштад – Пехчево**
**2.2 Регулација на речно корито на Пехчевска река**

**3. Проекти**

1.1. Проект за канализација с. Негрево...............................
1.2. Проект за Индустриска зона канализација Пехчево.........................
1.3. Проект за канализација во с. Панчарево.............
1.4. Проект со хидранска мрежа во Пехчево........

Извори на финансирање
1. Министерство за транспорт и врски
2. Странски донации
3. Сопствено учество

Програмата ќе се објави во Службен гласник на општината.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска
____________________

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. Бр.05/2002), член 15 од Законот за комуналните такси (Сл.весник на Р.М. бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12 и 154/15) и член 30 став 1 точка 12 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 25.01.2024 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**За изградба, реконструкција и одржување на јавно осветлување на подрачјето на Општина Пехчево за 2024 година**

Согласно одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на Општина Пехчево, Советот на општината го уредува и организира вршењето на работите сврзани со јавното осветлување во општината.

Со програмата се утврдуваат активностите за одржување на јавното осветлување за 2022 година. Односно се утврдува обемот и динамиката на одржувањето, финасирањето на истите, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување на општината.

Финасирањето, односно покривањето на трошоците за јавното осветлување е регулирање со Законот за комуналнте такси (Сл. весник на РМ. Бр. 61/04, 64/05, 92/07), според кој за користење и одржување на јвното осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредност од 25 киловат час за домачинства и 50 киловат час за трговски друштва и занаетчии по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

Наплатат на таксата за користење и одржување на јавното осветлување од имателите на броило ја врши ,,ЕВН Македониј ,, КЕЦ Делчево и ја уплатува на сметка на Буџетот на општина Пехчево.

Бројот на иметелите на броила во текот на годината е променлив од причини што има пријавено потрошачи и потрошачи кои се одјавуваат и не користат електрична енергија.

Моментално на територијата на Општина Пехчево има регистрирано _____ броила, од кои ___ домаќинства и ___ трговски друштва. Мрежата за јавно осветлување се напојува од 35 трафостаница во кои се наоѓаат блокови за јавно осветлување.

Со редовно одржување на јавното осветлување е опфатено:

- Равна река - електификација
- Набавка и вградување на нови светлосни тела
- Замена на прегорени и скршени сијалици
- Замена на оштетени светлосни арматури
- Замена на заштитни стакла
- Замена на сите останати елементи на сијачно место
- Набавка и уградување на надземен кабел за проширување на мрежата
- Санирање и осветлување на кејот на пехчевска река.
- Поставување на нови столбови на улици(замена на дотраени и проширување намрежата за улично осветлување со нови арматури во Пехчево и населените места)

Во програмата за јавно осветлување за 2024 година се предвидува _______ денари сопствени сретства од кои за :

Јавно осветлување:

За тековната потрошувачка електрична енергија ----------- ден.

Изградба и санирање на јавно осветлување:

| | |
|---|---|
| За одржување на инсталација ........................... | ден. |
| Поставување на нови столбови на улици ....... | ден. |
| Доизградба на електрична мрежа во населбите...... | ден. |
| Набавка и опрема за одржување ................. | ден. |
| Барање согласност за приклучување како потрошачи... | ден. |
| Вкупно........................................................... | ден. |

Во текот на 2024 година во Пехчево и по другите населени места во Општината се планира да се продолжи со набавка и вградување на нови светлосни тела за заштита на електричната енергија.

Редовното одржување на јавното осветлување се изведува со вршење на редовни контроли преку теренски увид за согледување на состојбите, остранување на утврдените дефекти и доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Во рамките на одржување на јавното осветлување ќе се врши и месечно читање на потрошената електрична енергија од јавното осветлување во сите напосни трафостаници. Извршител на сите овие активности ќе биде „ЕВН Македонија„ Кец Делчево. Додека редовното одржување преку замена на елементи ќе го врши стручно лице ангажирано во Општина Пехчево.

Надзор во редовното одржување на инсталациите, проверка на пристигнатите фактури за наплата на извршените работи, како и динамиката на наменското користење на средствата ќе врши оделението за комунални работи и заштита наживотната средина.

Постепено заменивање на старите улични светилки со нови штедливи светилки.

1. Осветлување на Млекара Робово

Извори на финансирање:

2. Средстваа од граѓани за улично осветлување.
3. Сопствени средства.

Програмата ќе се објави во Службен гласник на Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска

________________